РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-5569/3
16-01-2024

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по Годишен план за следење на имотна состојба и интереси за 2021 година, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 98-тата седница одржана на ден 11.01.2024 година донесе

*О Д Л У К А*

Постапката по предмет со бр.08-1696/1 од 27.04.2021 година, СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за натамошно постапување на ДКСК по предметот бр.08-1696/1 од 27.04.2021 година.

Предметот со бр.08-1696/1 од 27.04.2021 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со бр.08-1696/1 од 27.04.2021 година е оформен врз основа на постапувајќи по предмет оформен по Годишен план за следење на имотна состојба и интереси за 2021 година.

ДКСК со цел да ја утврди фактичката состојба во конкретниот случај, прибави податоци за имотот на _________ и за членовите на неговото семејство од Агенцијата за катастар на недвижности, Министерството за внатрешни работи, Управата за јавни приходи, Централниот депозитар за хартии од вредност, Централниот регистар на Република Северна Македонија и од финансиските институции во државата.

ДКСК по разгледување на прибавените податоци од наведените институции, како и по нивно споредување со податоците од изјавата за имотна состојба и интереси на __________, градоначалник на Општина ___________, констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Изготвил:** м-р Николина Тарчуговска-Милошевска, советник
**Одобрил:** Катица Николовска, член

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk